Дневни билтени

2015

- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

# Извадок на дел од дневни настани 22.09.2023

На 21.09.2023 околу 17.10 часот во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово ја лишиле од слобода 30-годишната М.И. од гостиварски Вруток. Таа претходно била пријавена од 81-годишниот Р.М. од тетовски Челопек дека во близина на спортската сала во Тетово со употреба на сила му одзела пари, клучеви од возило и лични документи. Инаку, М.И. била барана со потерница за доиздржување на затворска казна од две години. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Идризово за доиздржување на казната, а по документирање на случајот ќе биде поднесен и соодветен поднесок.

На 21.09.2023 во 22.30 часот во Радовиш, полициски службеници од Полициската станица Радовиш го лишиле од слобода Т.Ј.(18) од Штип. Тој се сомничи дека истиот ден извршил тешка кражба во куќа во Радовиш. Кај него биле пронајдени предмети кои потекнуваат од кражбата и ќе бидат вратени на сопственикот. Т.Ј. бил задржан во Полициската станица Радовиш, бил запознаен јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Радовиш и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 21.09.2023 во 10.15 часот и во 15.20 часот, полициски службеници на СВР Тетово лишиле од слобода малолетник од Тетово и Б.А.(18) од тетовско Селце. Тие се сомничат дека на 19.09.2023 околу пладне во близина на Спортски центар во Тетово физички го нападнале 27-годишниот тетовец М.М. и се обиделе да му одземат пари. Двајцата се задржани во Полициската станица Тетово, случајот целосно е расчистен и против нив ќе следуваат соодветни поднесоци.

Денеска (22.09.2023) во 00.50 часот на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Е.(33) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 21.09.2023 околу 21.45 часот на улица „Никола Парапунов" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар ги привеле гостиварците А.М.(29), А.К.(25) и Х.Д.(23) затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе се соочат со соодветни поднесоци.

На 21.09.2023 во 17.00 часот во Скопје, полициски службеници од Секторот за меѓународна полициска соработка го лишиле од слобода Н.Н.(44) од Република Албанија поради тоа што се барал по меѓународна потерница од Интерпол Грција. Тој бил задржан во Полициската станица Кисела Вода, по што бил спроведен во Основен кривичен суд Скопје 1 за понатамошна постапка.

Во текот на изминатата недела, полициски службеници од Куманово спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои не ги почитуваат сообраќајните прописи, при што на подрачјето на Куманово санкционирани се вкупно 304 возачи, од кои 213 управувале возило со брзина поголема од пропишаната, 52 санкции за возачи кои управувале возило под дејство на алкохол, 29 за управување возило без возачка дозвола и 10 за нерегистрирано возило.

Секторот за внатрешни работи Битола во текот на вчерашниот ден (21.09.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на СВР Битола санкционирани се 93 возачи, меѓу кои 34 мерки за возење повеќе од дозволената брзина , 8 мерки за возење без возачка дозвола, 8 возачи за управување под дејство на алкохол, 10 санкции за непрописно престигнување, 7 санкции за непрописно паркирање. Изречени се четири санкции за користење на мобилен телефон при возење...

На 21.09.2023 во 13.05 часот во СВР Куманово било пријавено дека на крстосница од улиците „100" и „21" во населбата Карпош во Куманово, мотоцикл со кумановски регистарски ознаки, управуван од Л.Р.(38) од Куманово, удрил во малолетен пешак. Во несреќата мотоциклистот и пешакот се здобиле со тешки телесни повреди констатирани во Општа болница Куманово. Екипа од СВР Куманово извршила увид на местото на несреќата.

На 21.09.2023 во 11.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Хасан Приштина" во Скопје се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „мерцедес" со скопски регистарски ознаки, управувано од Р.К.(66) од Скопје и мотоцикл „јамаха" со скопски регистарски ознаки, управуван од Б.М.(29) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 21.09.2023 во 20.00 часот во Полициската станица Струга било пријавено дека на ул. „ЈНА" во Струга, малолетник од Струга, управувајќи мотоцикл со струшки регистарски ознаки, удрил во малолетен пешак од Струга. Во несреќата пешакот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Специјална болница „Св. Еразмо" во Охрид. Извршен бил увид од увидна екипа на Полициската станица Струга.

На 21.09.2023 во 01.30 часот во Полициската станица Гостивар било пријавено дека на ул.„Балиндолска" во Гостивар, Р.Џ.(29) од Гостивар, управувајќи четирицикл без регистарски ознаки, изгубил контрола и удрил во бетонски столб. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот, констатирани во Комплекс клиники „Мајка Тереза" во Скопје, додека со телесни повреди се здобил сопатникот Ф.Х.(29) од Гостивар. Извршен бил увид од увидна екипа на ОВР Гостивар.

На 21.09.2023 во 15.25 часот во Полициската станица Центар, А.С.(25) од Демир Хисар пријавил дека на бул.„Кочо Рацин" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 21.09.2023 во 12.50 часот во Полициската станица Кисела Вода, В.Т.(60) од Скопје пријавила дека на бул.„Борис Трајковски" во Скопје била касната од куче скитник.

На 21.09.2023 во 13.30 часот во Полициската станица Карпош, Б.Л.(42) од Скопје пријавил дека на ул.„Руѓер Бошковиќ" во Скопје неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

Денеска (22.09.2023) во Струмица, полициски службеници од СВР Струмица го лишиле од слобода Н.В. од Струмица. Тој се сомничи дека на 19.09.2023 со употреба на сила влегол во казино во с.Босилово, струмичко и одзел пари. По преземени мерки било дојдено до сознание дека тој е сторителот на делото, по што денеска бил извршен преглед кај него и на неговото работно место во Струмица. Притоа, во неговиот ормар била пронајдена торба со парите, кои ќе бидат вратени на сопственикот. Од него биле одземени и други предмети за кои постои сомнение дека потекнуваат од кривичното дело. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 21.09.2023 во 16.00 часот, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија при СВР Велес ги лишиле од слобода П.П.(51) од село Плевење, општина Чашка и Т.С.(78) од село Теово, општина Чашка, а во 16.50 часот од слобода бил лишен и Н.Ш.(28) од Велес. По преземени мерки било дојдено до сознание дека П.П. поседува огнено оружје. Во службен разговор со него, П.П. изјавил дека поседува една пушка карабин која била во домот на Н.Ш., кој доброволно ја предал на полициските службеници заедно со неколку куршуми различен калибар. Додека, пак Т.С. на полициските службеници предал една ловечка пушка калибар 16и две воздушни пушки калибар 5,5мм и калибар 4,5мм. Лицата биле приведени во полициска станица, известен бил јавен обвинител и по целосно документирање на случајот против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 22.09.2023 во 03.00 часот, полициски службеници од Полициската станица Центар го лишиле од слобода А.К.(27) од Скопје затоа што околу 01.10 часот во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" се обидел физички да нападне лекар кој бил на работното место, а оштетил едно работо биро и компјутер. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Во текот на денешниот ден (22.09.2023), во периодот од 06 до 10 часот, Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија, со цел зголемување на безбедноста на учениците односно нивниот транспорт до училиштето и назад. При акциската контрола констатирани се 75 прекршоци по Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата (19 на подрачје на СВР Штип, 14 СВР Велес, 10 СВР Битола, по 9 на подрачје на СВР Струмица и Куманово, 7 СВР Охрид, 4 СВР Тетово и 3 СВР Скопје) и 9 прекршоци од Законот за возила (5 на подрачје на СВР Тетово и по 1 на подрачје на Секторите за внатрешни работи Скопје, Битола, Штип и Куманово). За време на акциските контроли извршени се проверки на 52 возила кои вршат јавен превоз, а презмени се и други активности. По извршените проверки, 37 возила се упатени на вонреден технички преглед, додека 13 возила се исклучени од сообраќај.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (21.09.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 201 санкција, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 13 санкции, 26 мерки за возење без возачка дозвола, девет санкции за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл. Изречени се седум мерки за користење мобилен телефон при возење, осум санкции за некористење сигурносен појас, осум санкции за минување на затворен сигнал – црвено светло...

Во текот на вчерашниот ден (21.09.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 183 возачи. Од нив 11 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а едно возило се движело дури 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 54 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 129 надвор од населено место.

Во рамките на планираните активности на Секторот за внатрешни работи Тетово за непречен и безбеден превоз на учениците до училиштата и назад до нивните домови, вчера (21 септември) од 12.00 до 16.00 часот во Тетово е спроведена акциска контрола со која биле опфатени пет автобуси и едно патничко моторно возило. При контролата откриени и санкционирани биле два прекршоци (претовар и неносење на возачка дозвола). На лицата кои ги управувале возилата им биле изготвени поднесоци согласно Законот за безбедност на сообраќајот.

На 21.09.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 9 прекршоци, од кои 5 во населено место и 4 надвор од населено место. Санкционирани биле и 23 други видови на прекршоци, од кои 5 за управување возило без возачка дозвола, 1 за возач почетник, 5 за некористење сигурносен појас и 12 за непрописно паркирање.

Денеска (22.09.2023) во 04.20 часот во Скопје, полициски службеници од Полициската станица Аеродром го привеле Д.С.(31) од Скопје затоа што околу 03.17 часот во казино на подрачје на Аеродром физички нападнал вработен како обезбедување. Лицето било приведено во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 21.09.2023 во 12.50 часот кај место викано „Милци" во близина на село Богородица, гевгелиско, полициски службеници од Полициската станица за граничен премин и граничен надзор Богородица забележале како во патничко возило „ауди" со скопски регистарски ознаки влегле повеќе лица мигранти, по што се упатило кон автопатот Гевгелија- Скопје. Возилото не застанало на знак за запирање даден од полициските службеници, но во 13.30 часот на автопатот кај Гевгелија возилото застанало и возачот го напуштил местото. При преглед во возилото биле пронајдени девет лица мигранти од кои пет од Сирија и 4 турски државјани, кои биле задржани во Полициската станица за граничен премин и граничен надзор Богородица за понатамошна постапка. По целосно расчистување и документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 21.09.2023 во 03.02 часот во СВР Штип, М.А.(45) од Штип пријавил дека околу 02.45 часот во централа на такси компанија во Штип, И.С. од Штип физички го нападнал него и негов колега. Се работи на комплетирање на случајот, по што против напаѓачот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 21.09.2023 во 19.35 часот во СВР Скопје било пријавено дека во автобус на ЈСП во с.Арнакија, скопско, настанала физички пресметка помеѓу Н.М.(20) од с.Чајлане и малолетник од с.Копаница, при што и двајцата употребиле остри предмети и си нанеле повреди. По целосно документирање на случајот ќе бидат поднесени соодветни пријави.

ОВР Прилеп поднесе кривична пријава против М.И.(22) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори". На 27.12.2022, полициски службеници извршиле преглед над лице од Прилеп, при што пронашле и одзеле марихуана, која претходно ја набавил од пријавениот.

ОВР Прилеп поднесе кривична пријава против Д.Р.(19) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување на употреба на наркотични droги и психотропни супстанци". На 15.01.2023 во Прилеп, полициски службеници го затекнале пријавениот со уште две лица како користат марихуана, која претходно им ја продал пријавениот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против З.Ј.(45) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 09.12.2021 во село Велмеј и во Охрид бил извршен претрес на дом и други простории кои ги користи пријавениот, при што биле пронајдени и одземени автоматска пушка калашников, 47 куршуми со калибар 7,62x39 мм и 26 ловечки патрони со калибар 12 мм.

ОВР Валандово поднесе кривична пријава против Е.П.(29) од Гевгелија поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". На 29.08.2023, пријавениот при склучување на договор со рент а кар фирма во Струмица за изнајмување на патничко возило на увид дал возачка дозвола за која по извршени проверки било констатирано дека е фалсификувана.

На 21.09.2023 во 20.39 часот во СВР Скопје, 56-годишен маж од Скопје пријавил дека околу 12.50 часот на подрачјето на Аеродром еден малолетник ја допрел по телото неговата малолетна ќерка и со остар предмет и упатил закани. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.09.2023 во 10.30 часот во СВР Скопје, Љ.Н.(40) од Скопје пријавил дека околу 09.30 часот на своето работно место во јавно претпријатие во близина на с.Батинци, Ш.Н. со остар предмет му се заканил и се обидел физички да го нападне. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.09.2023 во 09.00 часот во СВР Куманово, С.С.(50) од Куманово пријавил дека во кругот на Општа болница Куманово бил каснат од куче скитник.

На 21.09.2023 во 10.55 часот во Полициската станица Кисела Вода, Д.Ѓ.(20) од Македонска Каменица пријавил дека на ул.„Пушкинова" бил каснат од куче скитник.

На 21.09.2023 во 16.10 часот во СВР Скопје, М.Ц.(45) од Скопје, пријавила дека на бул. „Гоце Делчев" била касната од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против Д.А.А. од Кичево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори". На 19.09.2023 во Кичево, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле зелена материја.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Б.Ѓ.(34) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори". На 23.03.2023 во село Доброшане, кумановско, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана. Исто така, марихуана била пронајдена при претрес во неговиот дом и други простории.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет